Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3
ПРОГРАМА НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ..... 5
1.НАДЗОР НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 5
1.1. ИЗБОРИ ..... 5
1.2. ПРОГРАМСКИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 6
1.3. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 7
1.4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 8
1.5. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 8
1.6. СТРУЧЕН НАДЗОР ..... 9
2. ПРАВНА РАМКА ..... 10
3. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ..... 11
3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ..... 11
4. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ..... 12
5. ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ ..... 13
6. ДАВАТЕЛИ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ..... 13
7. ПЛАТФОРМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ВИДЕА ..... 15
8. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ..... 15
9. НАДЗОР НАД ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 17
10. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ..... 17
11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 18
12. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ..... 20
13. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ..... 21
14. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 23
15. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ..... 24

# ВОВЕД

Врз основа на член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр. 01-3732/1 од 29.07.2019 година), Агенцијата ја донесе Програмата за работа за 2024 година.

Со Програмата за работа се утврдени задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни во 2024 година, согласно нејзините надлежности утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Законот за медиуми и во Изборниот законик.

На крајот на јули 2023 година стапија на сила измените и дополнувањата на ЗААВМУ со кои овој закон се усогласи со Директивата за аудиовизуелните медиумски услуги (ЕУ)2018/1808. Со овие измени не само што се зголемија надлежностите на Агенцијата врз субјектите чие работење и дотогаш беше предмет на регулација, туку се прошири и опфатот на регулација со нови субјеки, односно под надлежност на Агенцијата сега се и давателите на услуги платформи за споделување видеа, како и физичките лица кои се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги (влогери/инфлуенсери). Во годината што следи Агенцијата ќе има обврска да го започне процесот на изготвување на сите документи и подзаконски акти што се предвидени со последните измени на ЗААВМУ, за што секако ќе биде нужно да бидат организирани и одржани голем број работни средби со сите релевантни субјекти.

Една од најважните активности на регулаторот во првата половина од годината ќе биде мониторингот на медиумското покривање на претседателските и парламентарните избори, кој ќе се спроведува од распишувањето до завршувањето на изборите.

Програмските обврски на радиодифузерите, обврските за обезбедување јавност во нивното работење, објавувањето импресум, обезбедувањето пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците и другите административни обврски ќе бидат предмет на надзор во текот на целата година.

Освен над работењето на радиодифузерите, Агенцијата во текот на годината ќе врши надзор и на работењето на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и на издавачите на печатени медиуми.

Заради поголема достапност на програмите на радиодифузерите до лицата со сетилна попреченост, ќе биде подготвен подзаконски акт кој ќе ги има предвид измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2023 година. И оваа година Агенцијата ќе учествува во организација на Денови на медиумската писменост, а ќе презема и други активности за подигање на свеста кај јавноста за важноста на медиумската писменост, како и активности за јакнење на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

Со цел да се добијат прецизни податоци за состојбите во индустријата, кои понатаму ќе послужат при креирањето на политиките, ќе се изработи анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски

услуги за 2023 година и анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Во рамки на меѓународната соработка и европската интеграција, Агенцијата ќе продолжи да учествува на состаноците на EPRA, MNRA, ERGA, ќе учествува во подготовка и имплементација на националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА), на средбите на работните групи за аудиовизуелната дејност и др.

За преземените активности регулаторот редовно ќе ја информира јавноста преку организирање јавни состаноци, како и преку континуирано објавување на информации на своите веб страници.

# ПРОГРАМА НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. НАДЗОР НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 1.1. ИЗБОРИ

### Мониторинг на медиумското покривање на изборите за претседател 2024

Согласно обврските од Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во првата половина од 2024 година ќе врши мониторинг врз програмските сервиси на радиодифузерите за медиумското покривање на претседателските избори. Мониторингот ќе се реализира од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Цел: Почитување на правилата за медиумско претставување од Изборниот законик за да се обезбеди правично, избалансирано и непристрасно медиумско покривање на сите кандидати за претседател, како и обезбедување пристапност на информациите за изборите за лицата со сетилна попреченост.

**Активности:**

- **Надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси***

  Период на реализација: Во текот на првата половина од 2024 година
  Резултат: Писмени извештаи од извршен надзор

### Мониторинг на медиумското покривање на парламентарните избори 2024

Во 2024 година, освен изборите за претседател ќе се одржат и парламентарни избори. Врз основа на обврските од Изборниот законик, Агенцијата ќе врши мониторинг врз програмите на радиодифузерите и за медиумското покривање на учесниците во овој изборен процес. Мониторингот ќе се реализира од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Цел: Почитување на правилата за медиумско претставување од Изборниот законик за да се обезбеди правично, избалансирано и непристрасно медиумско покривање на сите учесници во изборниот процес, како и обезбедување пристапност на информациите за изборите за лицата со сетилна попреченост.

**Активности:**

- **Надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси***

  Период на реализација: Во текот на првата половина од 2024 година
  Резултат: Писмени извештаи од извршен надзор

## 1.2. ПРОГРАМСКИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Програмските надзори ќе се спроведуваат согласно начелата на „Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)", на следниот начин:

А. **Редовен програмски надзор**, според Годишниот план за вршење програмски надзор за 2024 година;

Б. **Вонреден програмски надзор**, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата; и

В: **Контролен програмски надзор**, по истекот на рокот утврден во изречената мерка јавна опомена.

Следниве програмски обврски ќе бидат предмет на надзорите:

- Стандардите за човековите права и начелата за емитување програма;
- За заштита на малолетните лица;
- Одредбите за поттикнување и заштита на културниот идентитет;
- Правилата за емитување комерцијални комуникации;
- Програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување;
- Одредбите за настани со ексклузивни права на емитување и за правото на кратко известување; и
- Други програмски обврски (емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди; минимално времетраење на дневното емитување; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите; емитување игри на среќа; поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма итн).

**Цел:** Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за радио и телевизиско емитување, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

**Активности:**

- **Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

## 1.3. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Покрај програмските надзори, Агенцијата ќе спроведува и административни надзори за да се обезбеди исполнување на обврските за:

- објавување импресум;
- обезбедување пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците;
- идентификација на програмски сервис;
- дневна евиденција на емитуваната програма;
- снимање на излезниот сигнал од програмата;
- доставување извештај за исполнување на програмскиот концепт; и
- исполнувањето на минималните кадровски услови.

Административните надзори ќе се спроведуваат како:

А. **Редовен административен надзор**, согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година;

Б. **Вонреден административен надзор;** и

В. **Контролен административен надзор.**

Покрај ова, Агенцијата ќе го следи и исполнувањето на обврските на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволите за телевизиско и радио емитување, а по потреба ќе врши и административен надзор во однос на евентуално престанување со емитување програма подолго од 30 дена.

**Цел:** Зголемување на почитувањето на административните обврски на радиодифузерите што произлегуваат од Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти.

**Активности:**

➢ **Административни надзори врз работењето на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 1.4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Исполнувањето на обврските на радиодифузерите за обезбедување јавност во своето работење (кон регулаторот и кон јавноста) Агенцијата и оваа година ќе продолжи да го следи преку административни надзори кои ќе се спроведуваат во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година.

**Цел:** Зголемена транспарентност на сопственичката структура, уредништвото и финансирањето на радиодифузерите.

**Активности:**

➢ **Административен надзор над работењето на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 1.5. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во насока на заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, пред да донесе одлука за промена на сопственичката структура на радиодифузер, Агенцијата ќе испитува дали со планираните промени би се прекршиле одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Освен тоа, Агенцијата континуирано ќе ја следи сопственоста од аспект на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост, посебните забрани за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација.

**Цел:** Обезбедување плурализам на сопственоста на радиодифузерите.

**Активности:**

➢ **Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичка структура на радиодифизерите**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Одлуки за одобрување или забрана за промена на сопственичка структура

- **Следење на сопственичката структура на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Известувања од спроведени надзори; поведени постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; писмени извештаи од спроведени административни надзори

- **Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост (опис на медиумската сопственост, промени во сопственичката структура и констатирана недозволена медиумска концентрација кај радиодифузерите)**

  Период на реализација: Прва половина на 2024 година
  Резултат: Изработен извештај за медиумската сопственост

## 1.6. СТРУЧЕН НАДЗОР

Стручниот надзор, којшто се врши за да се утврди дали радиодифузерите ги исполнуваат техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радиоемитување, Агенцијата ќе го спроведува над радиодифузерите на коишто ќе им биде доделена нова дозвола, како и над оние коишто ќе ја променат локацијата на просториите во кои се произведува програмата или ќе ја прошират со нови студиски простории.

**Цел:** Исполнување на техничките услови за вршење на дејноста.

**Активности:**

- **Стручен надзор на радиодифузерите**

  Период на реализација: По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории
  Резултат: Записници од извршени стручни надзори

## 2. ПРАВНА РАМКА

Со измените на ЗААВМУ што стапија на сила на крајот на јули 2023 година, е предвидено Агенцијата да донесе нови подзаконски акти со кои ќе се разработат одредени одредби од ЗААВМУ и ќе се овозможи нивна примена, како и да се изменат и дополнат некои од постојните подзаконски акти. Рокот во кој Агенцијата е должна да ги донесе подзаконските акти е утврден во членот 32 од преодните одредби и тој е две години од денот на нивното влегување во сила, односно најдоцна до јули 2025 година.

Подзаконски акти што ќе се изработат и донесат:

- Правилник со кој ќе се пропише начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европски дела во каталогот на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (член 60),
- Правилник со кој ќе се пропише кое физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање и формата и содржината на образецот на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (член 56),
- Правилник со кој ќе се пропише формата и содржината на образецот на пријавата за регистрирање и формата и содржината на Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа (член 144-б), и
- Правилник со кој ќе се пропишат мерките што давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ги спроведуваат за нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, како и начинот на кој ќе се спроведуваат обврските за обезбедување социјална инклузија (член 26).

Подзаконски акти што ќе се изменат и дополнат:

- Правилник за заштита на малолетните лица,
- Правилник за спонзорство,
- Упатство за примена на одредбите за пласирање производи.

Исто така, ќе се направат измени и дополнувања на Водичот за мониторинг на „говорот на омраза“.

**Цел:** Доуредување на законските одредби преку донесување подзаконски акти.

**Активности:**

- **Донесување подзаконски акти**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Донесени подзаконски акти

## 3. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Агенцијата и натаму ќе настојува да ги мотивира радиодифузерите и аудиовизуелните медиумски услуги по барање да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост. Активностите на овој план главно ќе бидат насочени кон усвојување на подзаконски акт врз основа на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули 2023 година и негова имплементација.

Цел: Поголема достапност на програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

**Активности:**

- **Подготовка и усвојување подзаконски акт**

  Период на реализација: Во првата половина на годината
  Резултат: Изработен подзаконски акт

- **Поттикнување на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани средби и спроведени активности

## 3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Активностите на Агенцијата за поттикнување на медиумската писменост, и во 2024 година, ќе се спроведуваат преку соработка со граѓанскиот сектор, образовните институции и сите други заинтересирани страни. Ќе продолжи и поддршката на Мрежата за медиумска писменост, а Агенцијата ќе остане активна и на меѓународно ниво. Сите активности ќе бидат насочени кон зголемување на свесноста за важноста на медиумската писменост во информациското општество во кое живееме и кон развивање на компетенциите на македонските граѓани за медиумска писменост.

Цел: Повисок степен на компетенции за медиумска писменост на граѓаните.

**Активности:**

- **Поддршка на Мрежата за медиумска писменост**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Реализирани состаноци на Мрежата и спроведени проекти; уредување, ажурирање и одржување на веб сајтот за медиумска писменост; и координација на електронската комуникација во Мрежата

- **Организација на Денови на медиумска писменост 2024**

  Период на реализација: Во втората половина на годината
  Резултат: Одржани Денови на медиумска писменост 2024

- **Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост**

  Период на реализација: Во текот на годината – по потреба
  Резултат: Изработен пропаганден материјал и спроведени активности

## 4. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Во 2024 година ќе продолжат активностите насочени кон јакнење на редакциската култура, независноста на уредувачката политика и свесноста за важноста од почитување на професионалните стандарди кај медиумските професионалци, особено во контекст на избалансирано и непристрасно покривање на изборни процеси и во однос на родовите прашања.

**Цел:** Јакнење на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

**Активности:**

- **Организирање и поддршка на различни активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди за вршење на радиодифузната дејност**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани настани, обезбеден друг вид поддршка

- **Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Одржани настани

- **Обука за вработените во Агенцијата за имплементација на различни прашања кои произлегуваат од усогласувањето на националната медиумска регулатива со ЕУ стандардите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани работилници

## 5. ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

Агенцијата ќе доделува дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс (доколку со претходно изработена студија се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс од аспект на исполнување на целите на ЗААВМУ и од аспект на потребите на публиката) и без објавување на јавен конкурс (по доставено уредно барање за доделување дозвола од заинтересирана страна, доколку се утврди дека барателот ги исполнува условите и обврските утврдени со ЗААВМУ и прописите донесени врз основа на него), во зависност од тоа дали програмските сервиси ќе се емитуваат преку ограничен ресурс (радиофреквенции или капацитети на дигитален терестријален мултиплекс) или преку неограничен ресурс (јавна електронска комуникациска мрежа или сателит).

**Цел:** Зголемен квалитет на телевизиски и радио содржини коишто и се достапни на публиката, како и овозможување јавноста да има пристап до повеќе информации од различни извори.

**Активности:**

- **Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс**

  Период на реализација: По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна
  Резултат: Доделени дозволи за телевизиско или радио емитување

## 6. ДАВАТЕЛИ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Предмет на надзор кај давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање ќе биде исполнувањето на следните законски обврски:

- пренесување кинематографски дела во периодот утврден во договорите со имателите на права;
- заштита на малолетните лица;
- употреба на јазикот и
- промоција на производството и пристап до европски аудиовизуелни дела.

Покрај тоа, Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот и ќе им издава потврди за регистрација на субјектите кои во 2024 година ќе достават пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Имајќи предвид дека овие субјекти му плаќаат на регулаторот годишен надоместок за надзор, Агенцијата во текот на 2024 година ќе преземе активности во врска со исполнувањето на обврската за плаќање на надоместокот во законски утврдениот рок. Со последните измени на ЗААВМУ предвидени се обврски за Агенцијата да го пропише начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европски дела во каталогот на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (член 60) и да пропише кое физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање, како и формата и содржината на образецот на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (член 56). Овој процес нужно подразбира во него да бидат вклучени сите заинтересирани страни, што значи дека Агенцијата ќе организира и голем број работни средби со сите релевантни чинители.

**Цел:** Обезбедување аудиовизуелни медиумски услуги по барање согласно законските одредби.

**Активности:**

- **Донесување подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европски дела во каталогот на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во првата половина од годината
  Резултат: Донесен подзаконски акт

- **Донесување подзаконски акт со кој ќе се пропише кое физичко лице ќе се смета за давател на аудиовизуелна медиумска услуга по барање, како и формата и содржината на образецот на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во првата половина од годината
  Резултат: Донесен подзаконски акт

- **Надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

- **Издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање
  Резултат: Издадени потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

- **Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор

## 7. ПЛАТФОРМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ВИДЕА

Платформите за споделување видеа се субјекти над чие работење Агенцијата досега немаше надлежност. Со хармонизацијата на македонското законодавство со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ)2018/1808, во јули 2023 година, за прв пат законодавецот утврди дека Агенцијата ќе има надлежности и над нивното работење. Имено, согласно членот 144-б, пред да започнат да ја вршат дејноста, давателите на услуга платформа за споделување видеа се обврзани да се регистрираат во Агенцијата, која пак има обврска да им издава потврди за регистрација и да води регистар на овие субјекти.

**Цел:** Обезбедување услуга платформа за споделување видеа согласно законските одредби.

**Активности:**

- **Активности за донесување подзаконски акт со кој ќе се пропише формата и содржината на образецот на пријавата за регистрирање и на Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Преземени активности за донесување на подзаконски акт

## 8. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Врз работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Агенцијата ќе спроведува програмски надзор (редовен, вонреден и контролен) со цел да констатира дали тие ги исполнуваат обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа:

- претходно регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштита на малолетните лица,
- употреба на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителни обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизулни медиумски услуги.

Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети оние субјекти коишто во 2024 година ќе достават пријава за евидентирање и ќе издава потврди за регистрација на програмските сервиси што тие ќе ги реемитуваат, врз основа на претходно доставена пријава и уредени авторски и сродни права. По претходна пресметка на годишниот надоместок за надзор и доставена фактура до операторите, Агенцијата ќе го следи исполнувањето на обврската за плаќање на овој надоместок.

**Цел:** Реемитување на програмските сервиси согласно законските одредби.

**Активности:**

- **Програмски надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

- **Евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава**

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски сервиси и за регистрација на пакет програмски сервиси
  Резултат: Издадени потврди за регистрација на пакет програмски сервиси

- **Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор

## 9. НАДЗОР НАД ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година, Агенцијата ќе врши административен надзор над издавачите на печатени медиуми со цел да го следи исполнувањето на обврските од Законот за медиуми за објавување импресум и за обезбедување јавност во нивното работење. Освен тоа, предмет на вонреден надзор над овие субјекти ќе бидат обврските за заштита на малолетните лица и за именување одговорен уредник.

**Цел:** Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми.

**Активности:**

- **Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 10. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

За да се добијат сеопфатни сознанија за економското работење на телевизиите и на радијата, во 2024 година Агенцијата ќе изработи „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2023 година“, а во врска со кадровската структура ќе ја изработи анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2023 година“. Регулаторот и оваа година ќе спроведе анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите, а ќе изработи и анализа за информациско комуникацискиот систем на Агенцијата и извештај за безбедност на ИТ мрежата на Агенцијата.

**Цел:** Мапирање на состојбите во индустријата, обезбедување релевантни податоци кои ќе се користат при креирањето на политиките и при спроведување на законските надлежности, како и воспоставување нов, современ информациско комуникациски систем во Агенцијата.

**Активности:**

- **Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2023 година**

  Период на реализација: Трет квартал од 2024 година
  Резултат: Изработена анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2023 година

- **Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2023 година**

  Период на реализација: Трет квартал од 2024 година
  Резултат: Изработена Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2023 година

- **Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на 2024 година
  Резултат: Изработен извештај

- **Изработка на анализа на информациско комуникацискиот систем на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на 2024 година
  Резултат: Изработена анализа за информациско комуникацискиот систем на Агенцијата

- **Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на 2024 година
  Резултат: Изработен извештај од надворешно стручно лице за безбедност на ИТ мрежа

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во сферата на меѓународната соработка, Агенцијата редовно ќе учествува на состаноците на меѓународните организации и асоцијации од аудиовизуелната сфера во кои членува или има статус на набљудувач - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA) и на други релевантни меѓународни настани од аудиовизуелната област. Регулаторот ќе продолжи активно да работи на унапредување и продлабочување на билатералната соработка со регулаторите од Европа, мисијата на ОБСЕ во Скопје, Советот на Европа. Исто така, ќе учествува и во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации.

**Цел:** Размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од областа на аудиовизуелните услуги за прашања кои се однесуваат на имплементацијата на медиумската легислатива, како и учество на

регулаторот на меѓународни активности насочени кон поттикнување слобода на изразување, слобода на медиумите и создавање поволно опкружување за медиумите.

**Активности:**

- **Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со европските регулаторни тела, особено со регулаторите од регионот**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Разменети и стекнати искуства и информации преку учество на средби за прашања кои произлегуваат од аудиовизуелната област, потпишани протоколи и меморандуми за соработка

- **Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ и со други меѓународни организации и тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Континуитет во примената на принципите содржани во документите на релевантните меѓународни тела поврзани со мониторинг на изборите

- **Соработка со Советот на Европа преку активности насочени кон поттикнување на слободата на изразување и слободата на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Подигнување на институционалните капацитети преку учество на работилници, обуки и размена на информации и стекнати искуства за прашања од аудиовизуелната област во рамки на заедничкиот проект на Советот на Европа и на Европската Унија - „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“

- **Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации**

  Период на реализација: Во текот на целата година

Резултат: Изготвен Придонес кон Националниот извештај на Република Северна Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН; учество во Меѓуресорското тело за човекови права

## 12. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Агенцијата, во рамките на процесот на евроинтегрирање на Република Северна Македонија, ќе учествува во подготовка и имплементација на националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА), на средбите на работните групи и други релевантни тела за аудиовизуелната дејност. Во рамки на твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“ (МК 20 IPA JH 01 23), активно ќе се работи на доследно усогласување на националната со европската медиумска легислатива. Воедно, Агенцијата во континуитет ќе ги следи можностите за користење финансиски средства од инструментот ИПА.

**Цел:** Усогласување на домашната со европската аудиовизуелна легислатива

**Активности:**

- **Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2021 – 2023 - 2025 и во работните групи формирани за оваа цел**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвен придонес за подготовка на НПАА 2021 – 2023 - 2025; изготвени извештаи за спроведување на истата; одржани средби во рамки на работните групи во поглавјата 1.Политички критериуми; 3.7 Право на интелектуална сопственост; 3.8 Политика на конкуренција; 3.10 Информатичко општество и медиуми; и 3.23 Правосудство и фундаментални права

- **Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени извештаи кон Придонесот за Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија; остварено учество во работните тела во процесот на европска интеграција помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија, Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поткомитетот за правда и внатрешни работи и Работниот комитет за европска интеграција

- **Спроведување на Твининг проектот на Европската Унија - „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“ (MK 20 IPA JH 01 23)**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени подзаконски акти, правилници, водичи и други документи во насока на имплементирање на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, направени во насока на хармонизација со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија и други релевантни документи, одржани, обуки, работилници и студиски посети за размена на искуства и најдобри практики при имплементацијата на европската легислатива.

## 13. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

За да обезбеди транспарентност во своето работење, Агенцијата и во 2024 година ќе организира јавни состаноци на коишто ќе ја информира јавноста и медиумите за реализираните активности. Воедно, на јавните состаноци преку презентации и дискусии ќе бидат опфатени актуелни теми од аудиовизуелната област. Транспарентноста во работењето Агенцијата ќе ја обезбедува и преку редовно ажурирање на своите веб страници на македонски, албански и англиски јазик, правејќи ги достапни до што поголем број граѓани.

На својот YouTube канал редовно ќе обезбедува снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и други активности. Комуникацијата со јавноста ќе ја остварува и преку соопштенија до медиумите, прес-конференции, изјави за медиумите и друго.

**Цел:** Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и поефикасна комуникација со јавноста.

**Активности:**

- **Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

  Период на реализација: Еднаш на секои три месеци
  Резултат: Обезбедена можност сите заинтересирани страни да се запознаат со реализираните активности на Агенцијата согласно Годишната програма за работа и да ги изразат нивните мислења и ставови по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а особено за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги

- **Комуникација со јавноста**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Испратени соопштенија до медиумите, одржани прес-конференции, дадени изјави за медиуми

- **Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk“ на македонски, албански и англиски јазик**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Ажурирана веб страница и достапни информации за сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата

- **Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk“**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Ажурирана веб страница и достапни анализи, видеа и други материјали поврзани со активностите на Агенцијата и на други институции, здруженија и организации кои ги третираат родовите прашања

- **Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk“**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Ажурирана веб страница и достапни претставки и нивни одговори за непочитување на етичките начела и принципи пропишани во Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, релевантните закони и подзаконски акти кои се земаат предвид при постапувањето по претставките, ставови на Координативното тело и сл.

- **Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер и нивна објава на веб страницата на Агенцијата како имател на информации од јавен карактер; ажурирана листа со информации од јавен карактер

- **Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера**

Период на реализација: По потреба, во текот на целата година
Резултат: Отпечатени и дистрибуирани публикации, брошури, летоци и слично, до сите релевантни субјекти и граѓаните

- **Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Поставени снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот YouTube канал

- **Ажурирање на содржините на Facebook профилот на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Поставени содржини од билатерални и други средби, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата, најави за седниците на Советот на Агенцијата

## 14. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА

За да се потврди ефикасната примена на системот за квалитет во Агенцијата, во 2024 година ќе се преземат активности за продложување на Сертификатот за квалитет ИСО 9001:2015 од страна на економски оператор кој е акредитирано сертификациско тело од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет. Оваа година Агенцијата ќе работи и на воведување и примена на стандардот ИСО 27001, со што ќе се зголеми безбедноста на информацииите во Агенцијата.

**Цел:** Интерна проверка и разгледување на процедурите, обезбедување на работата на Агенцијата согласно стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, зголемување на безбедноста на информациите, заштита на ИКТ системот и заштита на личните податоци во Агенцијата.

**Активности:**

- **Интерни проверки за почитување на работењето согласно исо 9001:2015 и разгледување на постојните исо процедури во Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Извештаи од интерните проверувачи и Кумулативен извештај од спроведени интерни проверки за работењето на Агенцијата

- **Активности во врска со продолжување на сертификатот за квалитет ИСО 9001:2015**

  Период на реализација: март-август 2024 година
  Резултат: Сертификат со кој се потврдува дека Агенцијата го применува системот за менаџмент со квалитет согласно стандарот ИСО 9001:2015

- **Активности за воведување и дефинирање на процедури и процеси во работењето на Агенцијата заради исполнување на барањата од системот на безбедност на информации ИСО 27001**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Дефинирани процеси и процедури кои ќе обезбедат работење на Агенцијата согласно стандардот ИСО 27001 за заштита на информации

## 15. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во 2024 година ќе бидат спроведени три ревизии, и тоа: ревизија врз процесот за јавни набавки, ревизија врз системот за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015) и ревизија врз процесот за подготовка и известување за Програмата за работа на Агенцијата.

**Цел:** Зголемување на вредноста на Агенцијата и подобрување на работењето преку давање разумно уверување, а по потреба и препораки, за соодветно функционирање на процесот за јавни набавки, системот за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015) и процесот на подготовка и известување за Програмата за работа на Агенцијата.

**Активности:**

- **Ревизија врз процесот за јавни набавки**

  Период на реализација: Од 1 јануари до 30 април 2024 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

- **Ревизија врз системот за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015)**
  Период на реализација: Од 1 мај до 30 август 2024 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

- **Ревизија врз процесот на подготовка и известување за Програмата за работа на Агенцијата**
  Период на реализација: Од 2 септември до 31 декември 2024 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

Бр. 01-4734/1,

22.12.2023 година,
Скопје

______________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р**

Прилог бр.1

| ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ СПОРЕД СЕКТОРОТ КОЈ Е НАДЛЕЖЕН ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА И ПЕРИОД ВО КОЈШТО ТРЕБА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ | | | |
|---|---|---|---|
| | **Активност** | **Надлежен сектор** | **Период на реализација** |
| | Мониторинг на медиумското претставување на изборите за претседател 2024 | Сектор за програмски работи | Прва половина од 2024 година |
| | Мониторинг на медиумското претставување на парламентарните избори 2024 | Сектор за програмски работи | Прва половина од 2024 година |
| | Надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси* | Сектор за програмски работи | Прва половина од 2024 година |
| | Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) | Сектор за програмски работи | Во текот на целата година |
| | Административни надзори врз работењето на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права, Сектор за програмски работи, Сектор за финансии и логистика, Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на годината |
| | Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичка структура на радиодифизерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Следење на сопственичката структура на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Прва половина на 2024 година |
| | Стручен надзор на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права<br><br>Сектор за информатичка поддршка и општи работи | По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории |
| | Подготовка и усвојување подзаконски акт соласно член 26 | Сектор за програмски работи | Прва половина од годината |
| | Поттикнување на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Поддршка на Мрежата за медиумска писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Организација на Денови на медиумска писменост 2024 | Сектор за програмски работи | Втора половина од годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината – по потреба |
| | Организирање и поддршка на различни активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди за вршење на радиодифузната дејност | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Обука за вработените во Агенцијата за имплементација на различни прашања кои произлегуваат од усогласувањето на националната медиумска регулатива со ЕУ стандардите | Сите сектори | Во текот на годината |
| | Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување | Сите сектори | По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна |
| | Надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Подготовка и усвојување подзаконски акт солано член 60 | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Прва половина од годината |
| | Подготовка и усвојување подзаконски акт соласно член 56 | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Прва половина од годината |
| | Издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање |
| | Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за финансии и логистика | Во текот на целата година |
| | Активности за донесување подзаконски акт согласно член 144-б | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Програмски надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски сервиси и за регистрација на пакет програмски сервиси |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2023 | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Трет квартал од 2024 година |
| | Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2023 година | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Трет квартал од 2024 година |
| | Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на 2024 година |
| | Изработка на анализа на информациско комуникацискиот систем на Агенцијата | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на 2024 година |
| | Тест за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на 2024 година |
| | Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со европските регулаторни тела, особено со регулаторите од регионот | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ и со други меѓународни организации и тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Соработка со Советот на Европа преку активности насочени кон поттикнување на слободата на изразување и слободата на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации | Сектор за правни работи | Во текот на целата година |
| | Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2021 – 2023 - 2025 и во работните групи формирани за оваа цел | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот, Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права, Сектор за правни работи, Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на целата година |
| | Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област | | |
| | Спроведување на Твининг проектот на Европската Унија - „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“ (MK 20 IPA JH 01 23) | Сите сектори | Во текот на целата година |
| | Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Еднаш на секои три месеци |
| | Комуникација со јавноста | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk“ на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk“ | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk“ | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | По потреба, во текот на целата година |
| | Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на содржините на Facebook профилот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Интерни проверки за почитување на работењето согласно ИСО 9001:2015 | Интерните проверувачи во Агенцијата | април-јуни 2024 година |
| | Разгледување на постојните ИСО процедури во Агенцијата | Сите сектори | Во текот на целата година |
| | Активности во врска со продолжување на сертификатот за квалитет ИСО 9001:2015 | Менаџерот за квалитет и помошник менаџерот за квалитет во Агенцијата | март-август 2024 година |
| | Активности за воведување и дефинирање на процедури и процеси во работењето на Агенцијата заради исполнување на барањата од системот на безбедност на информации ИСО 27001 | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на годината |
| | Ревизија врз процесот за јавни набавки | Служба за внатрешна ревизија | Од 1 јануари до 30 април 2024 година |
| | Ревизија врз системот за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015) | Служба за внатрешна ревизија | Од 1 мај до 30 август 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ревизија врз процесот на подготовка и известување за Програмата за работа на Агенцијата | Служба за внатрешна ревизија | Од 2 септември до 31 декември 2024 година |